Архивски број: 08-406/2
31-07-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–406/1 од 15.05.2024 година, поднесена од [redacted] од Велес, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-406/1 од 15.05.2024 година, поднесена од [redacted] од Велес **поради ненадлежност**.

О б р а з л о ж е н и е

На 15.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од страна на [redacted] од Велес, заведена под бр. 08-472/1.

Во претставката се наведува дека на ден 19.04.2024 година од страна на градоначалникот на Општина Велес до подносителката како директор на ученички дом ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, бил доставен допис-барање со кој се барало од неа итно да биде доставена целокупната документација со која таа аплицирала на објавен оглас за избор на директор во 2021 година. Подносителката наведува дека не и било јасно зошто од неа се барало да се доставаат докази кои веќе еднаш биле предмет на оцена на институцијата градоначалник и врз основа на кои бил извршен нејзиниот избор со Решение бр.08-1412 од 13.01.2021 година од страна на градоначалник на Општина Велес и каде веројатно постои копија од сите списи. Понатаму, таа наведува дека не била образложена причината поради која се барале наведените списи три години по извршениот избор, односно дека градоначалникот Марко Колев ја злоупотребувал сопствената службена положба и овластувања и постапувал како орган на прогон и вршејќи притисок и злоупотребувајќи ја институцијата градоначалник за лични или партиски цели. Со тоа таа истакнува дека таквото истражно постапување на градоначалникот било во насока на постигнување на политички поени и политичка пресметка со политички неистомисленици што претставува груба злоупотреба на законски дадените овластувања.

Комисијата разгледувајќи ја содржината на претставката утврди дека изнесените факти и околности, не индицираат настан на дискриминација, туку дека истите се однесуваат на настан или дејствија кои евентуално подлежат на процесни постапки во надлежност на други институции. Имено, наводите за сторена злоупотреба на службена положба и овластувања, упатуваат на друга постапка во надлежност на

соодветно Основно јавно обвинителство. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на Комисијата